# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Свети Николе**<br><br>**Излегува по потреба** | **13.03.2023 година**<br>**ден месец година**<br>**Свети Николе**<br>**Број 4** | **ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА**<br>**Трезорска сметка 100000000063010**<br>**Буџетски корисник 7630140762- 630-10** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој бр. 0801 – 345 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369**
**13. 03. 2023 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13.03.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска соЈавниот повикза прибирање на предлог проектиза развојна селатаод Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проекти за развој на селата за **"Изградба на Улица 6 во село Ерџелија, Општина Свети Николе" со технички број 05-05/2021** од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата за кофинансирање се во износ од 1.825.580 денари, или 50% од вкупната вредност на предлог проектот (3.651.160 денари), согласно обврската за обезбедување на кофинансирање од страна на Единиците на локална самоуправаод најмалку 50%.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Број 0801 - 345** **Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**13.03.2023година** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој бр. 0801 – 346 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/2** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за Локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр 5/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13. 03.2023 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за кофинансирање на Општина Свети Николе во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проект за развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година од страна на Бирото за регионален развој**

**Член 1**

Со оваа Одлука се обезбедуваат средства за учество на Општина Свети Николе во во врска со Јавниот повик за прибирање на предлог проектиза развој на урбаните подрачја и одржлив и урбан развој за **„Реконструкција на ул. „Орце Николов“, Општина Свети Николе тех.бр. 021/2023 – П**од Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 годинаод страна на Бирото за регионален развој.

**Член 2**

Средствата се обезбедуваат во висина од **12 %** од вредноста на предлог-проектот, или **598.345** денари.

**Член 3**

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавање во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Број 0801- 346** **Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**13.03.2023 година** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе бр. 0801 – 347 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/3** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на чл. 36 став 1 точка 10 и точка 15 и чл. 62 став 1 и 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02), чл. 77 став 5 од Законот за јавни набавки („Сл.весник на РМ„ бр. 24/19, 87/21), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13.03. 2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**За дообезбедување средства за набавка на теренско возило за потребите на ТППЕ Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност да се дообезбедат средства за набавка на теренско возило за потребите на територијалната противпожарна единица во Свети Николе .

**Член 2**

Средствата да се обезбедат од Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година од програма ЊА конто 486119 во износ од 450.000,00 денари.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр.0801- 347** **Совет на Општина Свети Николе**
**13.03. 2023 година** **Претседател,**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба бр. 0801 – 348 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/4** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа,(,,Службен весник на Р.М.,, бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13.03.2023 година донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност на одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на одлука за отпис на средства и опрема кои се ставени вон употреба бр.02-50/7 од 16.02.2023 год на донесена на Управен одбор на Ј.О.У.Д.Г. ,,Рахилка Гонева,, Свети Николе на ден 16.02.2023 год.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Свети Николе,,.

**Бр. 0801- 348** **Совет на Општина Свети Николе**

**13.03. 2023** **Претседател,**

**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе бр. 0801 – 349 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/5** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.61/04,96/04,67/07,156/09,47/11,192/15 и 209/18 и “Службен весник на РСМ број 244/2019,53/21,77/21 I 150/21), член 31 од Законот за буџетите (“Службен весник на Република Македонија” број 64/2005, 4/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010,180/2011,171/2012, 192/2015 и 167/2016 и “Службен весник на РСМ број 151/21), член 93 став 2 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Советот на Општина Свети Николе на **26** седница одржана на 13.03.2023 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За измена и дополнување на**
**Одлуката за извршување на Буџетот на**
**Општина Свети Николе за 2023 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена и дополување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе за 2023 година бр.0801-275 од 21.12.2022 год и тоа:

Член 2

**Член 23 се менува и гласи:**

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Советот на општината а ги извршува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Градоначалникот за средствата од еднократна парична помош и социјална парична помош поднесува извештај до Советот за потрошените средства.

Износот за исплата на сретства по основ на еднократна парична помош за лица со попреченост изнесува од **3.000,00** денари до **5.000,00** денари.

Износот за еднократна парична помош за семејства во кои не работи ниту еден член изнесува од 4000 денари до 6.000 денари.

Износот за еднократна парична помош за семејства во кои работи еден член изнесува од 3.000 денари до 5.000 денари.

Износот за еднократна парична помош за семејства настрадани од елементарни непогоди ќе биде утврден согласно член 7 од правилникот бр.0801-327 донесен од Советот на Општина Свети Николе.

Износот за еднократна парична помош за социјално загрозени лица изнесува 3000 денари.

Износот за еднократна парична помош за лекување на лица ќе биде утврден согласно член 9 од правилникот бр.0801-327 донесен од Советот на Општина Свети Николе.

Износот за еднократна парична помош за смртен случај за семејства кои не се во можност

финансиски да ги покријат за истиот во износ од 9.000 денари.

Надоместокот-помош за новороденчиња во 2023 година се одобруваат во износ

1. За прворođеното дете во 2023 година се одобрува износ од **20.000,00** денари со прикладен пакет за новороденчето кој не изнесува повеќе од **6.000** денари.
2. За секое прво и второ родено дете од родители кои се жители на општина Свети Николе им се одобрува исплата во износ од **6.000,00** денари
3. За секое трето и наредно родено дете се одобрува износ од **15.000,00** денари
4 .За родителите кои ќе имаат близнаци, тројка, четворка и петка ќе добијат поединечно за секое дете по **15.000,00** денари .

Средствата за надоместок - парична помош за новороденчиња се одобрува соодветно на барањето за секое дете родено во 2023 година согласно, Правилникот за исплата на надомест за новородени деца бр.0801-327 во Општина Свети Николе.Барањата кои се уредно поднесени а не се исплатени во текот на 2022 година се пренесуваат како обврска за исплата во наредната година.

Правото за исплата може да го оствари и мајка која не е во брачна заедница и е жител на Општина Свети Николе а во другите случаи двајцата родители треба да се жители на Општина Свети Николе.

**Член 3**

По член 28 се додава нов член 29 кој гласи “Износот за еднократна парична помош за средношколци редовни ученици запишани во прва учебна година во Средно училиште на Територија на Општина Свети Николе ќе изнесува 6.000 денари”.

**Член 4**

По член 29 се додава нов член 30 кој гласи “Помошта во натура која ќе им следува на лица или семејства кои се нашле во сосотојба на социјален ризик ,како и на лице и семејство заради претрпена приподна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејство ,социјални пакети за новородени деца од семејства кои се нашле во положба на социјална односно матријална загрозеност жители на Општина Свети Николе ќе утврдува врз основа на правилник донесен од Советот на Општина Свети Нииколе бр.0801-327”.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе ”.

**0801- 349**
**13.03.2023**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**___________________**
**Валерија Ивановска**

## Образложение

Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Свети Николе е изготвена врз основа на Донесен Правилник за утврдување на критериумите ,условите и постапката за додоелување на еднократна парична помош и помош во натура бр.0801-327 од 22.02.2023година .

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП „Погребални услуги„ Свети Николе бр. 0801 – 350 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/6** | **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** | **Градоначалник,**
**Свети Николе** | **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и чл.22 ст.1 т.4 од Законот за локална самоуправа,(„Службен весник на Р.М„ бр.05/02), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13.03. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги" Свети Николе**

**Член 1**

Советот на Општина Свети Николе дава согласност на одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување цени за продажба на трговски добра и услуги на ЈП "Погребални услуги" Свети Николе бр.0202-35/3 од 22.02.2023 год донесена од страна на Управниот одбор на ЈП "Погребални услуги" Свети Николе.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр. 0801- 350** | **Совет на Општина Свети Николе**

**13.03. 2023 година** | **Претседател,**

**Свети Николе** | **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за измена и дополнување на Програма за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година бр. 0801 – 351 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/7** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/02) во врска со чл 39 од од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" број 15/15...275/19) и чл. 80-а од Законот за градење (,,Сл.весник на РМ,, бр. 130/09...169/18 и,, Сл.весник на РСМ,, бр. 244/19,18/20,279/20 и 227/22), Советот на Општина Свети Николе на седница одржана на 13.03. 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година**

Чл.1

Во Програмата за поставување урбана опрема на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година донесена од Советот на Општина Свети Николе под број 0801-329 од 22.02.2023 година насловот се менува и гласи:

"Програма за поставување урбана опрема и опрема за рекламирање на јавни површини во општина Свети Николе за период од 2023 година до 2027 година"

Чл.2

Во глава III -Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината, во точка 1 - Планирана диспозиција на урбана опрема во табелата редниот број 33 се менува и гласи:

"УО 33 Св.Николе КП бр. 5979; 6474; 6477 за КО Св.Николе – вон град и КП бр. 1584/2; КП бр. 282; КП бр.292; КП бр.298; КП бр.287; КП бр.286; КП бр.284; КП бр. 285; КП бр. 283; КП бр. 281; КП бр. 277; КП бр. 278/2; КП бр. 278/1; КП бр. 278/3; КП бр. 275; КП бр. 276; КП бр. 383/1 и КП бр. 385 за КО Кнежје – пешачка патека Св.Николе – Била Зора, број на модули 12,површина на модул 2,2м2, тип на модул – самостоечко рекламно пано."

Редните броеви од 34 до 53 заклучно се бришат.

По реден број 33 се додаваат редни броеви од 34 до 46 заклучно кои гласат:

| р.б. | нумерација на објектите | Катастраска парцела (КП) | местоположба, улица и број | број на модули | вкупна површина во м$^2$ | Тип и намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | УО 34 Св.Николе | КП бр10013/14 | **Ул.КочоРацин(кај Ловен дом)** | 1 | 3-5м2 | Билборд |
| 35 | УО 35 Св.Николе | КП бр.10015/1 | **Ул.ПлоШтад Илинден(пред плочник-лименка)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 36 | УО 36 Св.Николе | КП бр.10015/1 | **Ул.ПлоШтад Илинден (пред Градски парк)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 37 | УО 37 Св.Николе | КП бр.10069 | **Ул.Ленинова (кај Основен суд)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 38 | УО 38 Св.Николе | КП бр.10133 | **Ул. Филип II (кај автобуска станица)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 39 | УО 39 Св.Николе | КП бр.9780/1 | **Ул.ПлоШтад Илинден (кај Стоковна куЌа-пред музеј)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 40 | УО 40 Св.Николе | КП бр.11662/1 | **Ул.ПлоШтад Илинден(пред Централен регистар** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 41 | УО 41 Св.Николе | КП бр.11706/1 | **На влезот на градот (Макпетрол)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 42 | УО 42 Св.Николе | КП бр.11667/1 | **На влезот на градот (Кантонче)** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |
| 43 | УО 43 Св.Николе | КП бр.11175 | **Триаголник помеЃу улиците Септемвриска и 9 Мај (пред бараките ).** | 1 | 3-5 м2 | Билборд |

**Бр. 0801- 351**
**13.03. 2023 год.**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател**
**Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година бр. 0801 – 352 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/8**
**13. 03. 2023 година**
**Свети Николе**

**Општина Свети Николе**
**Градоначалник,**
**Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈОУДГ„Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година**

1.Советот на Општина Свети Николе дава согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Рахилка Гонева„ Свети Николе за 2023 година со арх.бр. 01-54 од 16.02.2023 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 -352** **Претседател,**
**13.03. 2023 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Одлука за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година бр. 0801 – 353 што Советот на Општина Свети Николе ја донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/9** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/2002), член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во Јавниот сектор („Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање Согласност на измена и дополнување на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година**

1.Советот на Општина Свети Николе дава Согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на ЈКП „Комуналец„ Свети Николе за 2023 година со арх.бр. 0402-133/1 од 07.03. 2023 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе„.

**Бр.0801 - 353** **Претседател,**
**13.03. 2023 година** **на Совет на Општина Свети Николе**
**Свети Николе** **Валерија Ивановска с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 5/02) и член 76 и 77 од Статутот на Општина Свети Николе („Службен гласник на Општина Свети Николе, бр. 1/06), Градоначалникот на Општина Свети Николе, донесе

**З А К Л У Ч О К**

За објавување на Годишен извештај за работењето за 2022 година на Општина Свети Николе бр. 0801 – 354 што Советот на Општина Свети Николе го донесе на седницата одржана на ден 13. 03. 2023 година.

**Бр.0901- 369/10** **Општина Свети Николе**
**13. 03. 2023 година** **Градоначалник,**
**Свети Николе** **Дејан Владев с.р.**

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(“Сл.весник на РМ” бр.61/04,96/04, 22/07 и 156/09),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и Статут на Општина Светини Николе (“Сл.гласник на Општина Свети Николе” бр.12/06 ),
Советот на Општина Свети Николе на **26** седница одржана на ден 13.03.2023 година го усвои:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2022 ГОДИНА

Март 2023

# 1.Вовед

Општина Свети Николе се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија на површина од 484 километра квадратни со 33 населени места и градот Свети Николе , со 3 урбани и 19 месни заедници.

На територијата на Општина Свети Николе живеат 15.320 илјади жители во 5120 домаќинства.Од вкупниот број на жители 7.841 се мажи а 7.479 се жени.

Од вкупниот број на жители 14.169 се изјаснети како Македонци или 92,49 %, 0,37% Турци, 0,87 Власи, Роми 0.29%,Срби 0,22%,Бошњаци 0,01%,Албанци 0,07% и непознато 0,04% .

Државниот завод за статистика од 2021година

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Свети Николе ги презеде основачките права на 3 основни, 1 средно училиште, народен музеј, матична библиотека, детска градинка и територијалната противпожарна единица како установи основани од општината кој се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.09.2007 година Општина Свети Николе премина во втората фаза на децентрализација при што се превзеде целосно финансирањето на локалните установи за материјалните трошоци и платите на вработените лица.

Во текот на 2009 се превземени осивачките права на ученичкиот дом „Кочо Рацин“, но средствата за финансирање на домот сеуште не се трансферираат преку општина Свети Николе.

Капиталните инвестиции за буџетските корисници се веќе префрлени на локално ниво и општината соодветно на можностите врши капитални зафати за подобрување на условите за раотење во сите буџетски институции.

# 2.Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата Советот на Општина Свети Николе за тековната 2022 година донесе буџет во транспаретна постапка во две фази како нацрт и предлог во износ од **454.407.538,00** денари по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

**Табела1**
**Планирани приходи**
**во денари**

| Планиран приходи по видови | 2022 год. | 2021 год. | соодносс 2022/2021% |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **65.335.204** | **67.818.827** | **96,34** |
| **Неданочни приходи** | **14.983.966** | **14.833.966** | **101,01** |
| **Капитални приходи** | **28.565.000** | **27.150.000** | **105,21** |
| **Трансфери** | **40.434.072** | **48.243.974** | **83,81** |
| **Наменски дотации (блок)** | **190.375.668** | **176.417.511** | **107,91** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Приходи од самофинан.активности** | **16.525.867** | **16.760.957** | **98,60** |
| **Донации** | **14.430.852** | **21.972.926** | **65,68** |
| **Домашни приливи** | **43.032.408** | **43.032.408** | **0,00** |
| **Пренесено салдо од претходна година** | **40.724.501** | **44.324.722** | **91,88** |
| **Вкупно планирани приходи** | **454.407.538** | **460.555.291** | **98,67** |

**ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ 2022/2021**




**ДИЈАГРАМ НА ВКУПНО ПРЕДВИДЕНИ ПРИХОДИ СПОРЕДБЕНО 2022/2021**




Од погоре дадената табела се забележува дека вкупно планираните приходи во 2022 година во однос на 2021 година бележат намалување од 1,33 %.

Даночната политика на Општина Свети Николе се сведе на реални основи за зголемена наплата на нашите изворни средства што се покажа како реална и остварлива. Планирањето на даночните приходи за 2022 година се планираа по реални граници согласно насоките на Министерство за финансии бидејќи при планирањето на Буџетот можеме приходите да ги зголемиме само 20% од просекот на реализирани приходи од изминатите три години.Општина Свети Николе водејќи добра даночна политика на локално ниво за 2022 година планирањето на приходите ги темелеше на реално остварливи. Поради објективни причини не секогаш може да се рализирааат приходите како што се планирани . Планираните даночни приходи споредбено 2022/2021 година бележат намалување од 3,66%.Неданочните приходи пак бележат зголемување споредбено 2022/2021 година.Капиталните приходи споредбено 2022/2021 година бележат зголемување од 5,21%. Планираните приходи од трансфери од други нивоа на власт бележат намалување од 16,19% споредбено 2022/2021 година.

Наменските дотации во 2022 година се зголемени за 7,91 % споредено со дотациите во 2021 година и реално во СОУ Кочо Рацин,ЈОУДГ Детска градинка Рахилка Гонева ,Дом на култура и Народен Музеј ги покриваат трошоците за плати и надоместоци од плата како и оперативните расходи кои им се потребни за непречено функционирање.

Во делот на самофинансирачките активности кај буџетските корисници планираните приходи споредено 2022/2021 година бележат намалување и тоа во процент од 1,4%.

Во делот на донации има намалување во планираните приходи споредбено 2022/2021 и тоа во процент од 34,32% .

**Табела 2**

**Планирани расходи** во денари

| Планирани расходи по видови | 2022 год. | 2021 год. | соднос 2022/2021% |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини и надоместоци | 207.665.515 | 197.518.786 | 105,14 |
| Резерви и недефинирани расходи | 1.200.000 | 800.000 | 150,00 |
| Стоки и услуги | 110.220.727 | 87.419.636 | 126,08 |
| Субвенции и Трансфери | 16.772.000 | 20.996.556 | 79,88 |
| Каматни плаќања | 60.000 | 70.000 | 85,71 |
| Социјални бенифиции | 1.700.000 | 1.650.000 | 103,03 |
| Капитални расходи | 112.029.068 | 147.300.313 | 76,05 |
| Отплата на главница | 4.760.228 | 4.800.000 | 99,17 |
| Вкупно планирани расходи | 454.407.538 | 460.555.291 | 98,67 |

## 2.1. ПРЕГЛЕД НА РАСХОДИ ПО ВИДОВИ ТАБЕЛАРНО СПОРЕДЕНО 2022/2021 ПО ВИДОВИ




## 2.2 ПРЕГЛЕД НА ВКУПНО ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ТАБЕЛАРНО СПОРЕДЕНО 2022/2021



Кај вкупно планираните расходи во 2022 година споредено со планираните расходи за 2021 година се забележува намалување од 1,33% .

Кај дел на планирани расходи се бележи намалување и зголемување во однос на претходната година. Зголемување има во делот на платите, наемнините и надоместоците и тоа од 5,14% поради зголемување на минималната плата, зголемување има во делот на резерви и недефинирани расходи од 50% и во делот на стоки и услуги и делот на социјални бенифиции.

**Табела 3**

**Вкупно реализирани приходи** **во денари**

| вид на приход | 2022 год. | 2021 год. | соодност 2022/2021% |
|---|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **55.759.356** | **52.905.020** | **105,40** |
| **Неданочни приходи** | **5.223.663** | **9.382.947** | **55,67** |
| **Капитални приходи** | **30.910.129** | **22.962.917** | **134,61** |
| **Трансфери** | **43.965.200** | **43.830.250** | **100,31** |
| **Наменски дотации (блок)** | **189.830.226** | **176.376.625** | **107,63** |
| **Приходи од самофинан.активности** | **9.691.471** | **9.495.918** | **102,06** |
| **Донации** | **9.027.377** | **12.530.561** | **72,04** |
| **Домашни приливи** | **35.289.702** | **8.140.992** | **433,48** |
| **Пренесено салдо од претходна година** | **11.964.966** | **7.759.401** | **154,20** |
| **Вкупно реализирани приходи** | **391.662.090** | **343.384.631** | **114,06** |

**3.1 ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ СПОРЕДБЕНО 2022/2021**




**3.2. ДИЈАГРАМСКИ ПРИКАЗ НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ СПОРЕДБЕНО 2022/2021**




Од погоре дадената **табела 3** може да се забележи дека вкупно реализираните приходи во Општина Свети Николе за **2022** година изнесуваат **391.662.090,00** денари и се зголемува во однос на реализираните приходи во **2021** година за **14,06%**

Даночните приходи споредбено 2022 со 2021 година имаат зголемување од **5,40%**.

Неданочните приходи во 2022 година во однос на истите во 2021 година бележат намалување во апоени од 44,33% **.** Во делот на самофинансирачките активности кај буџетските корисници се забележува зголемување на остварените приходи за **2,06%**. Капиталните приходи имаат зголемување во износ од **34,61%** како резултат на поголеми приходи од продажба на неизградено градежно земјиште и приходи од закуп на земјоделско земјиште .

**Табела 4**

**Вкупно реализирани расходи** **во денари**

| Реализирани расходи по видови | 2022 год. | 2021 год. | сооднос 2022/2021 % |
|---|---|---|---|
| Плати,наемнини и надоместоци | 202.757.573 | 192.320.881 | 105,43 |
| Резерви и недефинирани расходи | 903.474 | 525.988 | 171,77 |
| Стоки и услуги | 76.576.029 | 56.004.454 | 136,73 |
| Субвенции и Трансфери | 15.005.630 | 19.020.798 | 78,89 |
| Каматни плаќања | 37.587 | 12.937 | 290,54 |
| Социјални бенифиции | 1.695.323 | 1.454.410 | 116,56 |
| Капитални расходи | 89.646.982 | 65.155.776 | 137,59 |
| Отплата на главница | 4.760.228 | 4.760.228 | 100,00 |
| Вкупно реализирани расходи | 391.382.826 | 339.255.472 | 115,37 |

## ОСТВАРЕНИ РАСХОДИ ПО ВИДОВИ СПОРЕДБЕНО ПЛАН / РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2022/2021




## СПОРЕДБЕНИ ВКУПНИ РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ 2022/2021



Од погоре дадената **Табела 4** може да се забележи дека вкупно реализираните расходи во Општина Свети Николе за 2022 година изнесуваат **391.382.826** денари и се делумно зголемени во однос на реализираните расходи во 2021 година за **15,37%,** а истите споредени со планираните расходи бележат остварување од **86,11 %.**

Индикативно е да се забележи дека следниве расходи по видови бележат зголемување или намалување во однос на 2021 година и тоа:

- Платите, наемнините и надоместоците се зголемени за **5,43 %**
- Резервите и недефинираните расходи се зголемени за **71,77%,**
- Расходите за стоки и услуги се зголемени за **36,73 %**
- Социјалните бенифиции бележат зголемување од **16,56 %.**
- Субвенциите и трансферите се намалени за **21,11%**
- Капиталните расходи се зголемени за**37,59%**

**<u>Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства</u>**

Салдото на сметката на буџетот на општината на 31.12.2022 година изнесува ден. Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година и се еднакви на вкупно остварената добивка во билансот на успех на буџетот на општината.

На сметката на наменската дотација останува суфицит во износ од **4.851.755,00** денари и овие финасиски средства ќе се искористат за покривање на трошоците од минатата година во минимален износ и поголем дел во капитално реконструирање во трите основни училишта,додека СОУ Кочо Рацин ,ЈОУДГ Рахилка Гонева , Домот на културата К.П.Мисирков и Народниот Музеј каде го искористат вишокот за покривање на тековни расходи во 2023 година бидејќи блок дотациите им ги покриваат само трошоците за плати и придонеси од плати.

На сметката за самофинансирачки активности на 31.12.2022 година има суфицит вкупен од сите буџетски корисници во износ од **3.615.043,00** од кој :

- **СОУ Кочо Рацин има износ од 104.091,00 денари**
- **ООУ Кирил и Методиј има износ од 396.298,00 денари**
- **ООУ Гоце Делчев има износ од 162.076,00 денари**
- **ООУ Даме Груев има износ од 9.767,00 денари**
- **Дом на културата има износ од 412.079,00 денари**
- **ЈОУДГР Рахилка Гонева има износ од 2.530.732,00 денари**
- **О.У. Народен Музеј има износ од 0,00 денари**

На сметката за донации на 31.12.2022 година крајното салдо изнесува 1.372.259,00 денари.

Во билансот на состојба со 31.12.2022 год. На име побарувања е искажан износ од **54.951.742,00** денари кој произлегува од Табела бр.5:

**Табела 5**
**Побарувања во буџетот**

| Опис на побарувањето | Износ | |
|---|---|---|
| **1200 – Побарувања од буџетот** | 1.293.997 | 2,4% |
| **120001- Побарувања од физички лица – Мавровица** | 408.449 | 0,79% |
| **120004 - Побарувања од Буџетски корисници-телефони** | 4.555 | 0,01% |
| **120008-Побарувања од буџет -УХМР** | 5.000 | 0,01% |
| **120009 –Побарување од Буџет –јавни работи** | 123.591 | 0,24% |
| **120073 – Побарување за јавно-прометни површини за физички лица** | 13.765.736 | 24,78% |
| **120073-1 – Побарување за јавно-прометни површини за правни лица** | 4.032.737 | 7,39% |
| **122006 – Побарување за надоместок за уредување на правен статус на безправни градби** | 701.149 | 1,42% |
| **122010 - Побарувања од граѓани по решенија на данок на наследство и подарок** | 177.294 | 0,36% |
| **122011 - Побарувања по основ на договори од општински имот** | 428.380 | 0,88% |
| **1223 - Побарувања од купувачи на јавно – прометни површини** | 1.490.403 | 2,71% |
| **1225 - Побарувања од граѓани - комуналии** | 13.048.680 | 23,75% |
| **1226 - Побарувања од физички лица - данок на имот** | 6.183.425 | 11,25% |
| **122026- Побарувања – данок на имот-правни лица** | 4.795.950 | 8,73% |
| **1229 - Побарувања од граѓани данок на промет** | 239.658 | 0,44% |
| **1224 - Побарувања од граѓани солидарни бараки** | 697.862 | 1,27% |
| **12292 - Побарувања од комунална такса за огласи и реклами** | 49.500 | 13,90% |
| **1227 - Побарувања од правни лица за комунална такса** | 7.638.850 | 0,16% |
| **1211-Комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила** | 89.625 | 0,09% |
| **1221-Побарувања од граѓани -Тодорица** | Претплата **-223.100** | |
| **ВКУПНО ПОБАРУВАЊА** | **54.951.741** | **100** |

## Кумулативни побарувања по разни основи заклучно со 2022 година во %



Вкупните обврски на Општина Свети Николе на 31.12.2022 година изнесуваат **6.868.901,00** денари од кои :

- Вкалкулирани плати спрема вработените за 12-2022 - **3.108.374,00** ден, од кој
    - Градоначалник, државни службеници и технички персонал **2.683.374,00** ден.
    - Противпожарна единица **425.000,00** ден.

- Тековни обврски спрема добавувачи**...................................2.947.407**
- Краткорочни финансиски обврски**............................................. 9.000**
- Обврски кон државата и др.институции**..................................172.158**
- Обврски спрема советници**.................................................... 214.208**
- Обврски од тековна резерва**....................................................46.075**
- Обврски по основ на договорни услуги**....................................292.458**
- Обврски по основ новороденчиња**.............................................. 5.000**
- Обврски спрема месни заедници**............................................. 12.500**
- Обврски за исплата на награди**.................................................22.500**
- Обврски по барања за жртви на семејно насилство **............. 12.000**
- Обврска кон вработени ТППЕ за хранарина**........................... 27.221**

- Други долгорочни кредити од банки во земјата.......**69.213.668,00**

Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода, извршени градежни работи и сл. Ова е соодветно на сметководствениот правилник за буџет и буџетски корисници.

## 3.**<u>Реализација по програми за извршување на буџетот</u>**

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K – Култура
L - Спорт
V – Социјална заштита и заштита на децата
N – Образование
W – Противпожарна заштита
X1- Родова еднаквост

## А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Свети Николе за програмата на А – Совет на Општина од планираните **3.610.000,00** денари реализирани се **3.298.141,00** денари односно реализирана е програмата на советот со **91,36%.**

Советот на Општина Свети Николе во 2022 година одржа 17 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2022 година на име надоместоци исплатени се **2.463.478,00** денари од вкупно планираните **2.470.000,00** денари , односно **99,7%** од вкупно планираното.

Преку програмите на Советот на општина Свети Николе се реализирани и други потпрограми и тоа „Пограма за активностите на општина Свети Николе во областа на меѓународната соработка “ и „Програма за активностите на општина Свети Николе во областа социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по пооделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Свети Николе.

-„ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА“

Програмата за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2022 година содржи активности како што се помошта што ја дава Општината на социјално загрозени семејства, планирани активности по Агенда 2, едукации, рехабилитација на деца, едукации за превентива.

## ПРЕГЛЕД НА ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНА РЕЗЕРВА

| Бр. | Партнери | Исплатено |
|---|---|---|
| 1 | Адриана Стефановска | 30.000,00 |
| 2 | Виктор Јакимовски | 30.000,00 |
| 3 | Злате Коцев | 15.000,00 |
| 4 | Ивица Митрушов | 30.000,00 |
| 5 | Јелена Јованова | 30.000,00 |
| 6 | Јовица Величков | 5.000,00 |
| 7 | Лидија Нешева | 30.000,00 |
| 8 | Магдаленка Колева | 30.000,00 |
| 9 | Марија Николовска | 30.000,00 |
| 10 | Никола Ристевски | 120.000,00 |
| 11 | Овче Поле 1958 ЗГРК | 100.000,00 |
| 12 | Тодорче Јанев | 30.000,00 |
| 13 | Тони Тодосиев | 15.000,00 |
| | ВКУПНО | 495.000,00 |

Согласно надлежностите во оваа област во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на одделни групи граѓани, организирање трибини за родова сензибилизација и здравствени едукации за превенција итн..

Тековни активности

Покрај наведените активности Општина Свети Николе за новогодишните празници за децата со посебни потреби беше организирана забава како и секоја година рехабилитивен престој бесплатно за децата во детското одмаралиште Дојран. Во центарот за социјални работи беше одбележан денот за хендекипирани лица со посебна програма и доделување на прикладни подароци

## Д – Градоначалник

Во програмата на Градоначалник од планираните **12.363.728,00** денари во буџетот, реализирани се **10.627.269,00** ден. односно **86 %.**

По основ за исплатени плати ,наемнини и надоместоци од плата исплатени се **1.192.874,00** денари односно **89,45%** реализација, а споредено со вкупните расходи имаат зафатнина од **11,22%** .Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени **408.474,00** денари или **3,8%(**од вкупно реазлизираните расходи ). На класата за стоки и услуги исплатени се средства кои имаат зафатнина од вкупно реализираните расходи во износ од **135.489,00** денари или **1,27 % ,** а истите се исплатени на име патни и дневни трошоци ,за репрезентација, објавување на огласи и др. оперативни расходи.

На ставката **452** од предвидени **60.000,00** потрошени се **37.587,00** или **62,65%** реализирано во однос на планирано**.**

На контото **464** од предвидени **4.560.000,00** има остварено исплати во износ од **4.027.069,00** денари кој процентуално изнесува **88,31%** од вкупниот реализираниот буџет за оваа програма. Исплатите се однесуват за опремнини при пензионирање од буџетските корисници, за плаќање по судски решенија и други трансфери

(надомест за смртен случај за лица вработени во Општината или лица вработени во буџетските институции,боледувања подолго од шест месеци).

На конто 491 е евидентирана отплатата на двата ануитети по кредитното задолжување со Светска Банка во износ од **4.760.228 ,00** денари.

## ПРЕГЛЕД НА ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНА РЕЗЕРВА

| Бр. | Партнери | Исплатено |
|---|---|---|
| 1 | Анета Ивановска | 15.000,00 |
| 2 | АСТРА ДООЕЛ | 1.434,00 |
| 3 | Биљана Панева | 15.000,00 |
| 4 | БОМИ-МАК | 22.400,00 |
| 5 | БУБАМАРА ПРИНТ | 17.600,00 |
| 6 | Ванчо Иванов | 15.000,00 |
| 7 | ВЕРИЦА ШАЛЕВА | 15.000,00 |
| 8 | Владимир Блажев | 10.000,00 |
| 9 | Георги Петров | 4.000,00 |
| 10 | ДАНИТА- НИК ДООЕЛ | 10.000,00 |
| 11 | Диме Трејд ДООЕЛ | 13.350,00 |
| 12 | ДОДЕВСКИ АРТ ДООЕЛ | 9.100,00 |
| 13 | Дока Спасова | 58.260,00 |
| 14 | Елизабета Коцева | 15.000,00 |
| 15 | Здружение за изградба на црква ДЕН КРСТОВДЕН | 10.000,00 |
| 16 | Зоранче Апостолов | 15.000,00 |
| 17 | Јованов Тодорче | 15.000,00 |
| 18 | КЕРОМА ЛУКС ДООЕЛ | 22.635,00 |
| 19 | КИРИЛ КОЛЕВ | 15.000,00 |
| 20 | КРИС ДЕЈ ДООЕЛ | 3.526,00 |
| 21 | Љубе Филиповски | 16.000,00 |
| 22 | Манева Катерина | 15.000,00 |
| 23 | Меѓуопштинско здружение на цивилните инвалиди | 5.000,00 |
| 24 | Парфимерија ГОЛД | 7.500,00 |
| 25 | Ружица Атанасова | 15.000,00 |
| 26 | Сашко Петрев | 10.000,00 |
| 27 | Сашо Крстев | 15.000,00 |
| 28 | СВЕТА ЛИДИЈА МАКЕДОНКА-ИНИЦИЈАТИВЕН ОДБОР | 10.000,00 |
| 29 | СЛАТКАРНИЦА ПАРК ДООЕЛ | 7.300,00 |
| 30 | Тања Маневска-Ангеловска | 15.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | ТАРЗАН МЕТАЛ ДООЕЛ | 5.090,00 |
| 32 | УНИПРЕС ДОО | 2.714,00 |
| 33 | ХОРТИ РИСТОВИ ТДТУ | 2.500,00 |
| 34 | Храм Свети Јован Богослов | 10.000,00 |
| 35 | ЦИЛЕ ТРАНС | 4.725,00 |
| | **ВКУПНО** | **443.134,00** |

Во програмата **Д1 –месна самоуправа** исплатени се **182.812,00** денари од предвидените **350.000,00** денари или изразено во процент изнесува **52,23 %.** Овие сретства се трансферираат како делгирана надлежност до месните заедници во општина Свети Николе за подобрување на квалитетот на животот кај месното локално население.

## 3.3. **ЕО – Општинска Администрација**

Во вкупниот буџет на Општина Свети Николе за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од **47.349.458,00** денари, а се реализирани **41.561.034** денари или **87,78%**

По основ за исплатени плати ,наемнини и надоместоци од плата планирани се **28.387.079,00** денари исплатени се **27.438.070,00** денари или

процентуално **96,65%** реализација, а споредено со вкупните расходи имаат зафатнина од **66%**

На ставка **420** на име трошоци за (патни и дневни расходи) од вкупно предвидените **180.000,00** денари потрошени се **48.269,00** денари или **26,82%.** Учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува **0,12 %.**

На ставка **421** на име трошоци за (комунални услуги,греење,комуникација и тарнспорт) од вкупно предвидените **8.590.000,00** денари потрошени се **7.077.781,00** денари или **82,40%.** Учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува **17 %.**

На ставка **423** на име трошоци за (канцалариски матријал,списанија и весници,прехрамбени продукти и пијалоци,средства за хигиена ,ситен инвентар,др. матријали за специјална намена и др. матријали) од вкупно предвидените **2.368.000,00** денари потрошени се **921.565,00** денари или **39%.** Учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува **2,22 %.**

На ставка **424** на име трошоци за (поправки и сервисирање на лесни возила и резервни гуми,одржување на згради,дезинфекција,дезинсекцијаи дератизација,одржување на др. градби, поправки и сервисирање на софтверска и хардверска опрема,поправка и одржување на др. опрема ) од вкупно предвидените **1.440.000,00** денари потрошени се **742.264,00** денари или **51,55%.** Учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува **1,79 %.**

На ставка **425** на име трошоци за (банкарска провизија,осигурување на недвижности и права,осигурување на моторни возила,правни услуги,плаќање на судски такси,услуги за копирање и печатење,други договорни услуги ) од вкупно **3.254.379,00** денари потрошени се **2.643.489,00** денари или **81,23%.** Учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува **6,36 %.**

